Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА МБПР ВО 2010 ГОДИНА

Скопје, Април 2011

Содржина:

I ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ **3**
II ПРОФИЛ НА БАНКАТА **3**
III ДЕЛОВНА ПОЛИТИКА И ЦЕЛИ **4**
IV ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ **4**
1. Органи на управување 4
2. Организациона структура 13
3. Акционерска структура 15
4. Други информации и податоци во врска со Кодексот за корпоративно управување 15
5. Информации и податоци за политиката на банката за спречување на судир на интереси 15
V ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО 2010 ГОДИНА **16**
1. Биланс на состојба 16
2. Биланс на успех 17
VI КРЕДИТНИ АКТИВНОСТИ **19**
1. Кредитни линии од сопствени средства на МБПР 19
2. Кредитни линии од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори 23
3. Кредитно портфолио 32
VII ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊА **35**
1. Инструменти на осигурување на побарувања (извозни и домашни) 35
2. Договор за реосигурување 35
3. Обем на работење 35
VIII УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ **39**
1. Кредитен ризик 40
2. Ризик на земја 41
3. Ризик од концентрација на изложеноста 41
4. Ликвидносен ризик 42
5. Ризик од промена на каматни стапки во портфолио на банкарски активности 42
6. Валутен ризик 42
7. Оперативен ризик 43
8. Правен ризик 43
9. Репутациски ризик 43
10. Стратегиски ризик 44
11. Адекватност на капиталот 44
IX УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА МБПР СО ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ **44**
X АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ **45**
XI ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА **45**
XII ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА **46**

I ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Изминатата 2010 година се карактеризираше со подобрување на економскиот амбиент на стопанисување на деловните субјекти. Позитивните трендови на глобално ниво се почуствуваа и на домашната економија. Како резултат на подобрениот економски амбиент агенцијат „Fitch" го подобри рејтингот на Македонија од негативен во стабилен. Во текот на 2010 година беше постигнат договор меѓу Владата на РМ и ММФ за кредитна линија за претпазливост.

Деловното окружување во Македонија во 2010 година се карактеризираше со благ пораст на цените, како резултат на порастот на цената на електричната енергија и увозната цена на нафтата. Покриеноста на увозот со извоз е 60,6% а индустриското производство покажува благо опаѓање.

Од аспект на монетарната политика, истата во 2010 година беше порелаксирана во однос на 2009 година. Имено, повеќекратно беше намалена каматната стапка на благајнички записи на НБРМ. Со 31.12.2010г. бруто девизните резерви изнесуваа 1.714,5 милиони евра.

Поради влијанието на светската финансиска криза, на барање на стопанството, Владата на РМ во неколку наврати донесе пакет антикризни мерки насочени кон даночната, кредитната и земјишната политика, имотно-правните прашања, земјоделството, градежништвото, социјалната политика како и мерки од областа на регулаторната политика. Во тој контекст се реализираше и кредитната линија ЕИБ 100 милиони евра.

II ПРОФИЛ НА БАНКАТА

Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје (МБПР) е единствената развојна банка во Република Македонија основана со посебен Закон за основање на Македонска банка за поддршка на развојот (Сл.весник на Република Македонија бр. 24/98, 6/2000, 109/2005 и 130/2008). Во 2009 година со цел подобрување на нејзината позиција како развојна банка, односно нејзината специфична улога во банкарскиот сектор и во стопанството на Република Македонија, донесен е нов Закон за Македонска банка за поддршка на развојот (Сл.весник на Република Македонија бр. 105/2009). Со овој закон предвидено е дека на МБПР соодветно се применуваат одредбите на Законот за банки освен ако не е поинаку уредено со Законот за МБПР. Со Законот за МБПР е предвидено дека супервизија на работењето на МБПР во рамките на своите надлежности врши Народна банка на Република Македонија. Во делот на работењето што МБПР го врши во име и за сметка на Република Македонија, надзор врши Министерството за финансии на Република Македонија. За своите обврски МБПР одговара со сиот свој имот.

Стратешка определба на МБПР е да го поддржува развојот на малите и средни трговски друштва преку понуда на широка палета на финансиски производи (кредитни линии, гаранции и осигурување на извозот) приспособени кон потребите на крајните корисници.

III ДЕЛОВНА ПОЛИТИКА И ЦЕЛИ

Деловната политика на МБПР се заснова на Законот за МБПР, законот за банки и други важечки прописи. Деловната политика ги определува целите на банката, сегментите на работење на банката, управувањето со ризици, управувањето со изворите на средства, контрола на трошоците, водењето на кредитната политка, политика за осигурување, кадровската политика, и др.

Во текот на 2010 година со преземање на соодветни мерки и активности, МБПР се фокусираше на остварување на утврдените цели и задачи дефинирани во деловната политика, и тоа:

- обезбедување на поволни кредитни линии за малите и средни трговски друштва со поволни каматни стапки,
- полесен пристап до кредитите,
- воведување на ефикасни процедури при одобрување на кредити,
- осигурување на извоз,
- зголемување на конкурентноста на македонските производи по пат на воведување на нови технолигии.

Деловната политика на Банката се базира врз начелата на усогласеност со законската регулатива, почитување на принципите на ликвидност, стабилност, солвентност, профитабилност и економичност, професионалност и ефикасност во работењето, флексибилност кон потребите на кредитобарателите и др.

IV ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

1. Органи на управување

Управувањето на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје во 2010 година се одвиваше во согласност со Законот за банки, Законот за Македонска банка за поддршка на развојот, правилата за добро корпоративно управување пропишани од страна на Советот на Народна банка на Република Македонија и Кодексот за корпоративно управување донесен од Собранието на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје. При оценката на управувањето на Банката треба да се респектира посебноста на Банката како развојна банка во целосна сопственост на Република Македонија. Во текот на 2010 година Банката ги остваруваше своите активности преку следните органи на Банката:

1. Собрание,
2. Надзорен одбор,
3. Одбор за управување со ризици,
4. Одбор за ревизија,
5. Управен одбор,
6. Кредитен одбор,
7. Одбор за осигурување.

1.1. Собрание

Република Македонија е единствен акционер на Банката.

Единствениот акционер управува со банката преку Собранието на банката во кое е претставен од пет лица - претставници на државниот капитал.

Членовите на Надзорниот одбор се и претставници на државниот капитал во Собранието на банката.

Собранието на банката во извештајната година одржа вкупно две редовни седници.

На седницата одржана на ден 10.05.2010 година, Собранието на банката ги усвои:

- Годишниот извештај за работењето на банката во 2009 година,
- Извештајот за работа на Надзорниот одбор на банката со оценка за сопствената работа од аспект на поединечни членови и колективно,
- Годишниот извештај за работа на службата за внатрешна ревизија за 2009 година,
- Извештајот за работа на Одборот за ревизија во 2009 година,
- Годишната сметка и финансиските извештаи на банката за 2009 година ревидирани од независниот ревизор на банката,
- Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка за 2009 година,
- Одлуката за усвојување на листата на нето должници на банката за 2009 година,
- Финансискиот план на банката за 2010 година,
- Деловната политика на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје за периодот 2010 – 2012 година,
- Развојниот план на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје за периодот 2010 – 2012 година и
- Стратегијата на МБПР за превземање и управување со ризиците,

На седницата одржана на ден 22.10.2010 година Собранието на банката донесе Одлука со која GRANT THORNTON ДОО Скопје се избира за друштво за ревизија кое ќе изврши ревизија на финансиските извештаи и сметки на банката за годината која завршува на 31.12.2010 година.

1.2. Надзорен одбор

Во текот на 2010 година, согласно Законот за банките и Статутот на Банката, Надзорниот одбор ја остваруваше својата функција во следниот состав:

1. **Оливер Костуранов,** Претседател на Надзорен одбор на МБПР, Магистер по деловна економија, Управител во СПМГ КАПИТАЛ ДООЕЛ Скопје, Директор на СЕАФ – претставништво Скопје, Управител на СЕАФ МАСЕДОНИА ЛЛЦ УСА;
2. **Владимир Цветиновски**, Заменик – претседател на Надзорен одбор на МБПР, Дипломиран економист, Управител на МАРКЕТ ВИСИОН ДООЕЛ Скопје;
3. **Јасминка Васкова Ташкова**, Член на Надзорен одбор на МБПР, дипломиран филолог раководител на одделение при Влада на Република Македонија;
4. **Армир Садики**, Член на Надзорен одбор на МБПР, Дипломиран правник, Раководител на одделение при секретаријат за спроведување на Охридскиот рамковен договор при Влада на Република Македонија.

Членовите на Надзорниот одбор се истовремено и претставници на државниот капитал во Собранието на банката.

Согласно Законот за банки, Надзорниот одбор на Банката има обврска да се состанува најмалку еднаш месечно. Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиските активности и го надгледува нивното спроведување. Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење, управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народна банка на Република Македонија.

Надзорниот одбор ги има следните права и одговорности:

- ја одобрува деловната политика, развојниот план и финансискиот план на Банката,
- именува и разрешува членови на Управниот одбор и на Одборот за управување со ризици,
- го одобрува воспоставувањето и организацијата на системот за внатрешна контрола,
- организира служба за внатрешна ревизија, ги именува и разрешува вработените во службата, го одобрува годишниот план и дава писмено мислење до Собранието на Банката по годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија,
- ги одобрува интерните акти на Банката: политиката за сигурност на информативниот систем, политиките за управување со ризиците, етичкиот кодекс, деловникот за работа на Одборот за ревизија, политиките и процедурите за вршење на внатрешна ревизија и др.,
- ги одобрува годишната сметка, финансиските извештаи и листата на нето должници на Банката, плановите и програмите за работа и општите акти на Банката,
- ги разгледува извештаите на супервизијата, извештаите доставени од Народна банка на Република Македонија, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предложува, односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености во работењето на Банката,
- ги разгледува извештаите за работењето на: Управниот одбор, на Одборот за управување со ризици, на Одборот за ревизија, на Службата за внатрешна ревизија, на лицето/службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите,
- одобрува изложеност спрема поединечно лице од над 10% од сопствените средства на Банката,
- одобрува изложеност спрема одделна банка од над 25% од сопствениот капитал на Банката,
- одобрува трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 1.000.000,00 денари,
- го одобрува стекнувањето на капитални делови и купување на хартии од вредност, поголеми од 5% од сопствените средства на Банката, освен купување на хартии од вредност, издадени од Народна банка на Република Македонија и од Република Македонија,
- го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија,
- го разгледува извештајот на друштвото за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на акционери,
- го одобрува годишниот извештај за работењето на Банката и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на акционери,
- ја предложува висината на резервите за сигурност и одлучува за формирање на посебни резерви и фондови во Банката и за нивната висина,
- ги утврдува општите услови за кредитно осигурување од комерцијални и политички ризици и го утврдува вкупниот лимит до кој Банката може да врши кредитно осигурување од комерцијални и политички ризици,
- дава согласност за склучување на договори за реосигурување во рамките на вкупните обврски на Банката врз основа на работите на осигурување,
- дава согласност за договори со Република Македонија,

- врши и други работи согласно Законот за банки и согласно Законот и Статутот на Банката.

Со Одлука донесена од страна на Собранието на Македонска банка за поддршка на развојот АД, на членовите на Надзорниот одбор им е утврден месечен надомест за работа во Надзорниот одбор на Банката.

Во текот на 2010 година Надзорниот одбор, одржа вкупно 14 редовни седници на кои ги донесе следните поважни акти:

- Финансиски план на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје за 2010 година,
- Одлука за одобрување на договор за реосигурување,
- Одлука за годишната сметка и финансиските извештаи на банката за 2009 година,
- Предлог - Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка на банката од 2009 година,
- Одлука за одобрување на листата на нето должници на банката со 31.12.2009 година,
- Одлука за измена на Финансискиот план за работењето на Македонска банка за поддршка на развојот во 2010 година,
- Одлука за оценка на оперативен ризик донесена од страна на Одборот за управување со ризик,
- Одлука за утврдување на лимити на банки учеснички во кредитните линии на МБПР,
- Одлука за измена на Кредитната политика на Македонска банка за поддршка на развојот број 02-1391/1 од 09.07.2003 година .
- Одлука за измена на Одлуката за каматни стапки на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје број 02-1391/3 од 09.07.2003 година,
- Одлука за измена на Полисата за осигурување од краткорочни комерцијални ризици,
- План за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2010 година,
- Одлука за одобрување на Политика за идентификување на потенцијални судири на интереси и дефинирање на мерки и активности кои се преземаат во случај на постоење на судир на интереси,
- Одлука за одобрување на Политиката за управување со ликвидносниот ризик,
- Одлука за утврдување на лимити по банки-учеснички,
- План за јавни набавки на Македонска банка за поддршка на развојот за 2010 година,
- Одлука за одобрување на Политика за осигурување на побарувањата (домашно и извозно осигурување) број 02-2856/4 од 19.08.2010 година,
- Одлука за одобрување на Политика за идентификација, оценка, мониторинг и контрола на валутен ризик,
- Одлука за одобрување на предлогот за назначување на друштво за ревизија од страна на Одборот за ревизија,
- Одлука за одобрување на Политика за управување со ризици број 02-3483/1 од 01.10.2010 година,
- Одлука за одобрување на Политика за идентификација и следење на поврзаноста на своите клиенти и на лицата поврзани со банката број 02-4385/6 од 18.11.2010 година,
- Одлука за утврдување на лимит за ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД Скопје,

- Одлука за измена на одредба во договорите за кредит од кредитната линија ГМФ фаза 1, 2 и 3,
- Одлука за одобрување на Политика за управување со ризик на земја број 02-4997/5 од 17.12.2010 година,
- Одлука за одобрување на Политика за управување со стратегиски ризик број 02-4997/6 од 17.12.2010 година,
- Одлука за одобрување на Политика за утврдување исправка на вредност и за издвојување посебна резерва од страна на МБПР број 02-4997/7 од 17.12.2010 година,
- Одлука за одобрување на Интерни лимити на изложеност број 02-4997/8 од 17.12.2010 година,
- Одлука за одобрување на Политика за управување со ризик од концентрација на изложеност број 02-4997/9 од 17.12.2010 година,
- Одлука за одобрување на Политика за управување со репутациски ризик број 02-4997/10 од 17.12.2010 година,
- Одлука за одобрување на Политика за управување со кредитен ризик број 02-4997/11 од 17.12.2010 година,
- Одлука за одобрување на Политика за управување со оперативен ризик број 02-4997/12 од 17.12.2010 година,
- Одлука за одобрување на Политика за одржување на сопствени средства на банката бр. 02-4997/13 од 17.12.2010 година,
- Кредитна Политика на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје (Пречистен текст).
- Акционен план за отпочнување со директно кредитирање и финансиски проекции за директно кредитирање изработени врз три сценарија и тоа базно сценарио, сценарио со повраток на 50 % на кредитната линија МСП пласирана преку банките – учеснички и сценарио со зголемена исправка на вредност на кредитната изложеност.

Надзорниот одбор ги одобри т.е усвои извештаите, Политиките и други предложени материјали за работењето на Банката во 2010 година.

Членовите на Надзорниот одбор, во согласност со член 51 од Статутот на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, без одржување на состанок, а заради резгледување и одобрување на кредитни барања првенствено од програмата за кредитирање на развојот на мали и средни претпријатија и приоритетни проекти од кредитната линија на ЕИБ во износ од 100.000.000 ЕУР, одлучуваа по кредитни предлози доставени преку е-маил пошта.

Со активната работа на Надзорниот одбор на банката, а согласно програмата за кредитирање на мали и средни претпријатија и приоритетни проекти од кредитната линија на ЕИБ во износ од 100.000.000 ЕУР, заклучно со 31.12.2010 година поддржани се вкупно 235 проекти и повлечени се 5 (пет) транши од оваа кредитна линија.

1.3. Одбор за управување со ризици

Одборот за управување со ризици се состои од три члена. Еден од членовите на Управниот одбор задолжително е член на Одборот за управување со ризици, а останатите членови се лица со посебни права и одговорности, кои се вработени во Банката и кои имаат искуство во областа на финансиите и банкарството од најмалку три години.

Одборот за управување со ризици во текот на 2010 година работеше во следниот состав:

1. Ќенан Идризи,
2. Александар Станојковски,
3. Фросина Јосифовска.

Одборот за управување со ризици ги има следните права и одговорности:

- перманентно го следи и оценува степенот на ризичност на Банката и го утврдува прифатливото ниво на изложеност на ризици со цел минимизирање на загубите од изложеност на Банката на ризик,
- воспоставува политики за управување со ризици и ја следи нивната примена,
- ги следи прописите на Народна банка на Република Македонија кои се однесуваат на управување со ризици и усогласеноста на Банката со овие прописи,
- ги анализира извештаите за изложеност на Банката на ризик, изработени од службите во Банката кои вршат оценка на ризиците,
- утврдува краткорочни и долгорочни стратегии, мерки и инструменти за управување со ризиците на кои е изложена Банката и ги анализира ефектите од предложените стратегии, мерки и инструменти за управување со ризици,
- ја следи ефикасноста на функционирањето на системите на внатрешна контрола во управувањето со ризиците,
- најмалку еднаш месечно го известува Надзорниот одбор, а најмалку еднаш во три месеци Одборот за ревизија за промените во ризичните позиции на Банката, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управување со ризици врз перформансите на Банката, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите,
- најмалку еднаш квартално ги разгледува трансакциите на поврзани лица со Банката за што доставува извештај до Надзорниот одбор.

Одборот за управување со ризици во текот на 2010 година одлучуваше на седници кои се одржуваа најмалку еднаш неделно, при што во текот на извештајната година одржани се вкупно 54 седници. Секој месец согласно Законот за банки, Одборот за управување со ризици доставуваше извештаи за својата работа до Надзорниот одбор на Банката.

1.4. Одбор за ревизија

Одборот за ревизија се состои од пет члена, со мандат од 4 (четири) години. Три члена на Одборот за ревизија се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор, два се независни члена, а најмалку еден член на Одборот за ревизија треба да е овластен ревизор. Со Одлука на Собранието на Банката од 18.12.2008 година за членови на Одборот за ревизија се именувани:

1. Миов Николаки – претседател, дипломиран економист, овластен ревизор, вработен и партнер во Ефект плус, Друштво за ревизија,
2. Оливер Костуранов,
3. Армир Садики,
4. Владимир Цветиновски,
5. Елизабета Чингаровска, дипломиран економист, вработена во Вип Оператор Македонија, на работно место експерт за даноци.

Одборот за ревизија ги има следните права и одговорности:

- ги разгледува финансиските извештаи на Банката и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди,
- ги разгледува и оценува системите за внатрешна контрола,
- ја следи работата и ја оценува ефикасноста на Службата за внатрешна ревизија,
- ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици,
- предлага друштво за ревизија, го следи процесот на ревизија на Банката и ја оценува работата на друштвото за ревизија,
- ги донесува сметководствените политики на Банката,
- ја следи усогласеноста на работењето на Банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи,
- одржува состаноци со Управниот одбор, Службата за внатрешна ревизија и Друштвото за ревизија во врска со утврдените неусогласености со прописите и слабостите во работењето на Банката,
- најмалку еднаш во три месеци го известува Надзорниот одбор на Банката за својата работа.

Во текот на 2010 година Одборот за ревизија одржа 6 редовни седници на кои се прифатени финансиските извештаи на Банката за 2009 година ревидирани од Друштвото за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје и разгледани се информациите за кредитен ризик, извештаите за работење на Одборот за управување со ризици и Извештаите од службата за внатрешна ревизија за ревизиите извршени во текот на 2010 година.

Со Одлуката донесена од страна на Собранието на Македонска банка за поддршка на развојот, на членовите на Одборот за ревизија им е утврден тромесечен надомест за работа во Одборот за ревизија.

Тромесечниот надомест се исплаќа редовно.

1.5. Управен одбор

Управниот одбор на Банката се состои од два члена, именувани од страна на Надзорниот одбор на Банката со Одлука од 16.05.2007 година, врз основа на претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Македонија. Членовите на Управниот одбор се именувани со мандат од шест години и со усогласувањето на работењето на Банката со новиот Закон за банките се именуваат како: главен извршен директор и главен оперативен директор.

Членови на Управниот одбор се:

1. Драган Мартиновски – Главен извршен директор
2. Ќенан Идризи – Главен оперативен директор

Управниот одбор ги има следните права и одговорности:

- управува со Банката и ја застапува Банката,
- ги спроведува одлуките на Собранието и Надзорниот одбор на Банката,
- покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на Банката,
- ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности,

- ги изготвува следните интерни акти: деловна политика, развоен план, финансиски план на Банката, политика за сигурност на информативниот систем на Банката, етички кодекс и др.,
- изготвува листа на нето должници на Банката,
- изготвува годишен извештај за работењето на Банката и го доставува до Надзорниот одбор,
- ја утврдува внатрешната организација и систематизација на работи и работни задачи во Банката,
- одлучува за пласман на средствата од кредитното осигурување од комерцијални и политички ризици,
- врши и други работи кои не се во надлежност на Надзорниот одбор на Банката.

Управниот одбор во рамките на своите со закон и статут утврдени надлежности ги донесе сите потребни интерни акти со кои се обезбедуваат услови за работење на Банката во согласност со законските и подзаконските акти. За своите тековни активности Управниот одбор најмалку еднаш месечно доставуваше извештаи за својата работа до Надзорниот одбор на банката.

Управниот одбор во 2010 година ги донесе, односно ги ревидираше следните поважни процедури и упатства:

- Процедури за одржување на сопствени средства на банката број 11-3705/1 од 30.12.2009 година,
- Процедури за утврдување исправка на вредност и за издвојување посебна резерва од страна на МБПР број 11-3705/2 од 30.12.2009 година.
- Процедура за изработка на финансиски план број 08-3699/1 од 30.12.2009 година,
- Процедури за идентификација и следење на поврзаноста на своите клиенти и на лицата поврзани со банката број 03-3722/1 од 31.12.2009 година,
- Процедури за управување со ризици број 02-4961/1 од 16.12.2010 година,
- Упатство за книговодствено евидентирање на вложувања во хартии од вредност број 08-3687/1 од 30.12.2009 година,
- Упатство за книговодствено евидентирање на кредити за ликвидност тргувани преку пазар на пари број 08-3690/1 од 30.12.2009 година,
- Упатство за книговодствено евидентирање на орочени девизни депозити во домашни и странски банки број 08-3692/1 од 30.12.2009 година,
- Упатство за книговодствено евидентирање на пласираните кредити, комисиони кредити и гаранции (актива), број 07-3721/1 од 31.12.2009 година,
- Упатство за книговодствено евидентирање на сомнителните и спорни побарувања од банките во стечај, број 07-3721/4 од 31.12.2009 година,
- Упатство за изработка и ажурирањене на интерни политики, процедури и упатства на МБПР, број 03-2709/1 од 05.10.2009 година. (Ревидираното Упатство носи нов назив кој гласи: Упатство за изработка и ревидирање на интерни акти на МБПР).

Управниот одбор одлучи текстот на следните процедури и упатства да не се менува и истите да останат во сила:

- Процедура за прием и плаќање на фактури број 08-3693/1 од 30.12.2009 година,

- Процедура за работење и контрола на благајна број 08-3694/1 од 30.12.2009 година,
- Процедура за пресметка и исплата на плата број 08-3695/1 од 30.12.2009 година,
- Процедура за пресметување на амортизација на нематеријални средства, недвижности и опрема број 08-3696/1 од 30.12.2009 година,
- Сметководствени процедури број 08-3697/1 од 30.12.2009 година,
- Процедура за пренос на средства на времена сметка број 08-3698/1 од 30.12.2009 година,
- Процедура за управување со денарска и девизна ликвидност број 08-3700/1 од 30.12.2009 година,
- Процедура за вложувања во хартии од вредност број 08-3701/1 од 30.12.2009 година,
- Упатство за книговодствено евидентирање на плата број 08-3686/1 од 30.12.2009 година,
- Упатство за книговодствено евидентирање на обврски за надомест на одбори број 08-3688/1 од 30.12.2009 година,
- Упатство за книговодствено евидентирање на амортизација на нематеријални средства, недвижности и опрема број 08-3689/1 од 30.12.2009 година,
- Упатство за книговодствено евидентирање на обврски кон добавувачи број 08-3691/1 од 30.12.2009 година,
- Упатство за водење на книговодствена евиденција на земените кредити и депозити (пасива), број 07-3721/2 од 31.12.2009 година.
- Упатство за книжењата поврзани со МКЛ за МСП – ЕАР, број 07-3721/3 од 31.12.2009 година.

Управниот одбор го следеше степенот на реализација на Акциониот план на Банката за отпочнување со директно кредитирање.

1.6. Кредитен одбор

Кредитниот одбор е составен од три члена од кои членовите на Управниот одбор се членови на одборот согласно Статутот на Банката и третиот член го именува Надзорниот одбор на Банката. Кредитниот одбор работи во состав:

1. Драган Мартиновски,
2. Ќенан Идризи,
3. Тони Петроски.

Кредитниот одбор ги има следните права и одговорности:

- одлучува за пласманите и кредитните задолжувања, гаранции и други изложености спрема еден заемобарател до 10% од сопствените средства на Банката,
- одобрува изложеност спрема одделна банка до 25% од сопствените средства на Банката,
- разгледува и одобрува кредити, управува со постоечките кредити и најмалку еднаш годишно дава тековни проценки за кредитоспособноста на кредитобарателот и раскинува договор за постоечки кредит поради опасност од неплаќање на кредитните обврски,
- врши други работи од кредитната политика утврдени согласно Законот и Статутот на Македонска банка за поддршка на развојот и Законот за банките.

Во текот на 2010 година Кредитниот одбор одлучуваше на седници на кои беа разгледувани и одобрувани кредитни барања доставени од страна на банките учесници во кредитните програми на МБПР.

Во текот на извештајната 2010 година Кредитниот одбор одржа вкупно 25 седници.

1.7. Одбор за осигурување

Одборот за осигурување е составен од три члена. Согласно Статутот на Банката, членовите на Управниот одбор се членови и на Одборот за осигурување, а третиот член го именува Надзорниот одбор на Банката. Одборот за осигурување работи во состав:

1. Драган Мартиновски
2. Ќенан Идризи
3. Тони Петроски

Одборот за осигурување ги има следните права и одговорности:

- ги утврдува посебните услови за кредитно осигурување од комерцијални и политички ризици,
- разгледува и одобрува склучување на договори за осигурување,
- ги испитува ризиците во рамките на осигурувањето,
- управува со полисите за осигурување со давање на тековни проценки најмалку еднаш годишно за осигурителниот ризик.

Погоре наведените лица, односно лицата со посебни права и одговорности во Банката не пријавија судир на интереси ниту поврзаност со трети лица согласно Законот за банки.

Одборот за осигурување во 2010 година одржа вкупно 16 (шеснаесет) седници.

2. Организациона структура

Банката е организирана во три сектори: Сектор за кредитирање и гаранции, Сектор за кредитно осигурување, Сектор за управување со средства и ликвидност и четири служби: Служба за внатрешна ревизија, Служба за управување со ризици, Служба за информатичка технологија и Служба за правни и општи работи.

Во Банката е именувано лице за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и одговорно лице за спречување перење пари.

Банката нема основано подружници.

Заклучно со 31.12.2010 во МБПР има 36 вработени лица.

Во извештајната година на Управниот одбор и лицата со посебни права и одговорности во банката по основ на бруто плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права им се исплатени вкупно 13.612.712,00 денари. На членовите на Надзорниот одбор на банката по основ на надомест за учество на седници им се исплатени вкупно 560.004,00 денари и на Одборот за ревизија по основ на надомест за работа на седниците на одборот им се исплатени вкупно 344.440,00 денари.


Собрание
Надзорен одбор
Одбор за ревизија
Служба за внатрешна ревизија
Одбор за управување со ризици
Управен одбор
Лице за контрола на усогласеноста со законските прописи
Кабинет на Управен одбор
Помошник директор
Служба за ИТ
Сектор за кредитирање и гаранции
Сектор за кредитно осигурување
Сектор за средства и ликвидност
Служба за правни и општи работи
Служба за управување со ризици
Одделение за кредитирање
Одделение за гаранции
Одделение за администрирање
Одделение за средства и ликвидност

3. Акционерска структура

Согласно Законот за Македонска банка за поддршка на развојот (Сл.весник на Република Македонија бр. 105/2009) МБПР е акционерско друштво во кое Република Македонија е единствен акционер. Владата на Република Македонија е запишана во акционерската книга на Банката со вкупно 384.103 обични акции со право на глас и номинална вредност од 3.108,00 денари за една акција.

4. Други информации и податоци во врска со Кодексот за корпоративно управување

Собранието на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје на седницата одржана на 18.12.2008 година го донесе Кодексот за корпоративно управување на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје. Еднаш годишно Кодексот за корпоративно управување е предмет на разгледување и ревидирање од страна на Надзорниот одбор на Банката и предмет на одобрување од страна на Собранието на Банката. Кодексот е изготвен во согласност со Одлуката на Советот на НБРМ за основните начела и принципи на корпоративно управување во банка.

Македонска банка за поддршка на развојот, односно органите на управување во Банката и вработените во текот на 2010 година, во целост се придржуваа кон принципите на корпоративно управување прифатени во кодексот за корпоративно управување и тоа:

- принципот на заштита на правата и интересите на единствениот акционер,
- принципот на ефикасно управување,
- принципот на ефикасна контрола на финансиските и економските активности,
- принципот на транспарентност и објективност на објавување на информации за МБПР,
- принципот на законитост и етика,
- принципот на социјална одговорност,
- принципот на поделба на надлежностите,
- политиката на решавање на корпоративните конфликти,
- принципот на ефективно заемно дејство со вработените и правичен надомест,
- принципот на трудољубивост и одговорност,
- заштита на личните податоци и
- корпоративен советник.

5. Информации и податоци за политиката на банката за спречување на судир на интереси

Основните постулати на политиката за спречување на судир на интереси во Македонска банка за поддршка на развојот се предвидени во етичкиот кодекс на банката усвоен од Управниот одбор и одобрен од Надзорниот одбор на Банката на седницата одржана на ден 18.12.2008 година и Политиката за идентификување на потенцијални судири на интерес и дефинирање на мерките и активностите кои се превземаат во случај на постоење на судир на интереси бр.23-1837/1 од 09.06.2010 година. Етичкиот кодекс, најмалку еднаш годишно е предмет на разгледување од страна на Надзорниот одбор на Банката.

Согласно законските одредби и одредбите од Политиката на Банката за спречување на судирот на интереси, лицата со посебни права и одговорности во Банката редовно на секои шест месеци даваа писмена изјава за постоење, односно непостоење на судир на нивниот личен интерес со интересот на Банката.

Членовите на Надзорниот и Управниот одбор на Банката и лицата со посебни овластувања не присуствуваат при донесување на одлуки со кои е доведена во прашање нивната објективност поради постоење на судир помеѓу нивниот личен интерес и интересот на Банката преку содржината на одлуката која е предмет на донесување од страна на соодветниот орган. Членовите на Надзорниот и Управниот одбор и лицата со посебни овластувања пред одлучувањето за одредени прашања за кои имаат судир на интереси, ја напуштаат седницата и даваат писмена изјава во која се наведува основот од кој произлегува судирот на интереси.

V ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО 2010 ГОДИНА

Вкупната билансна сума на 31.12.2010 година изнесува 6.998.618 илјади денари и е зголемена во однос на претходната година за 52,7%.

1. Биланс на состојба

1.1. Актива

Движењето на активата на билансот на состојба по години е прикажано на следниот дијаграм:



1.1.1. Парични средства и парични еквиваленти

Состојбата на паричните средства и паричните еквиваленти на 31.12.2010 година изнесува 1.119.101 илјади денари што преставува 16% од вкупната актива на Банката.

1.1.2. Кредити на и побарувања од банки

Вкупните нето кредити на ден 31.12.2010 година изнесуваат 5.750.584 илјади денари што преставува 82,2% од вкупната актива. Вкупните нето кредити се зголемени во однос на претходната година за 87,7%. Порастот на вкупните кредитни пласмани се должи главно на зголемувањето на пласманите од кредитната линија за финансирање на мали и средни трговски друштва и кредитната линија обезбедена од Европската инвестициона банка.



1.2. Извори на средства

1.2.1. Вкупни обврски

Вкупните обврски на Банката на 31.12.2010 година достигнаа износ од 5.144.665 илјади денари и остварија пораст од 161,5% во споредба со крајот на 2009 година. Порастот на вкупните извори на средства се должи на зголемувањето на обврските по кредити, односно на повлекувањето на 3.231.957 илјади денари од кредитната линија од Европската инвестициона банка.

Во структурата на вкупните кредитни извори на средства, долгорочните извори на кредитни средства бележат зголемување од 162,5% и во вкупните извори на средства учествуваат со 99,8%, наспрема 99,4% учество на крајот на 2009 година.

1.2.2. Капитал и резерви

Во вкупните извори на средства, капиталот и резервите учествуваат со 26,5%. Вкупниот капитал на Банката на 31 декември 2010 година изнесува 1.853.953 илјади денари кој го сочинуваат основачкиот капитал, резервите формирани од остварените добивки во претходните години и добивката од тековниот период.

2. Биланс на успех

И покрај зголемените ризици во работење предизвикани од економската криза, МБПР остана стабилна и успешно ја заврши 2010 година.

Во периодот од 01.01. до 31.12. 2010 година МБПР оствари вкупни приходи во износ од 239.524 илјади денари, расходи во износ од 109.474 илјади денари и позитивен финансиски резултат во износ од 130.050 илјади денари.

Во извештајниот период остварени се вкупни приходи од камати во износ од 163.513 илјади денари и вкупни расходи од камати во износ од 49.050 илјади денари. Остварените нето приходи од камата изнесуваат 114.463 илјади денари и се зголемени за 28,8% во однос на претходната година.

Нето приходите од провизии се зголемени од 18.364 илјади денари во 2009 година на 21.009 илјади денари во 2010 година, односно остварен е пораст од 14,4%. Зголемувањето се должи на порастот на приходите од премии остварени како резултат на зголемениот износ на осигурени извозни побарувања од комерцијални и политички ризици.

Приходите и расходите за средства и изворите на средствата во странски валути или изразени во валутна клаузула се искажуваат во билансот на успех во денари по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на нето основа. На годишно ниво, односно во пресечните периоди 2010-2009 година македонскиот денар во однос на еврото депрецираше за 0,5% при што официјалниот важечки курс на 31 декември 2010 година за 1 евро изнесуваше 61,50 денари. Во извештајниот период остварени се нето приходи од курсни разлики во вредност од 8.740 илјади денари, додека во истиот период минатата година се остварени нето расходи од курсни разлики од 6.153 илјади денари.

Банката во склад со прописите и усвоените акти го утврдува процентот со кој се проценува намалувањето на вредноста и одржувањето на резерви кои се доволни за покривање на можните кредитни ризици. За 2010 година Банката изврши ослободување на износот на исправката на вредност на финансиските средства и прикажа нето приходи во износ од 29.256 илјади денари.

Останатите расходи од дејноста во себе ги содржат амортизацијата, општите и административни трошоци и останатите трошоци од работењето и се реализирани во износ од 47.193 илјади денари што е за 6,8% пониско во однос на истиот период минатата година.

Согласно измените во Законот за Данок на добивка од 1 јануари 2009 година, Банката пресметува и уплатува данок на добивка на непризнаените расходи со стапка од 10%. Пресметаниот данок за 2010 година изнесува 103 илјади денари, односно е намален за 7,2% во однос на 2009 година кога изнесуваше 111 илјади денари.

Со следниот дијаграм прикажано е движењето на неколку биланси позиции во периодот од 2007 година до 2010 година.

(во '000 денари)



VI КРЕДИТНИ АКТИВНОСТИ

Во 2010 година МБПР кредитните активности ги спроведуваше преку следните дванаесет селектирани комерцијални банки:

- ❖ Извозна и Кредитна банка АД Скопје,
- ❖ Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје,
- ❖ Еуростандард банка АД Скопје
- ❖ Комерцијална банка АД Скопје,
- ❖ НЛБ Тутунска банка АД Скопје,
- ❖ Охридска банка АД Охрид,
- ❖ Прокредит банка АД Скопје,
- ❖ Стопанска банка АД Битола,
- ❖ Стопанска банка АД Скопје,
- ❖ ТТК банка АД Скопје,
- ❖ УНИ банка АД Скопје,
- ❖ Централна Кооперативна банка АД Скопје.

Финансирањето на кредитните активности на МБПР се вршеше со користење на два извора на средства и тоа сопствени извори на средства и туѓи извори на средства т.е. средства обезбедени од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори.

1. Кредитни линии од сопствени средства на МБПР

МБПР во рамките на својата кредитна активност реализира кредитни линии од сопствени средства чии услови на одобрување се прикажани во следната табела:

Назив на кредитната линија	Износ во ЕУР	Рок на отплата	Крајна каматна стапка
Финансирање на мали и средни трговски друштва	од 15.000 до 500.000	до 8 години со вклучен грејс период до 1 година	8% годишна
Финансирање на производство наменето за извоз	од 30.000 до 2.000.000	до 1 година без грејс период	7% годишна -0,5%*
Финансирање на трајни обртни средства	од 30.000 до 300.000	до 3 години без грејс период	8% годишна

**-0,5% доколку извозот е осигуран преку МБПР*

1.1. Кредитна линија за финансирање на мали и средни трговски друштва

Кредитната линија е наменета за финансирање на постојни и нови мали и средни трговски друштва. Подобрувањето на конкурентските предности и отворање на нови работни места се клучните цели на оваа кредитна линија. Кредитите од кредитната линија се наменети за набавка на основни и обртни средства каде минимум 50% од кредитот треба да биде искористен за основни средства. Приоритет за финансирање се проектите кои обезбедуваат повисок техничко - технолошки развој, проекти кои обезбедуваат зголемување на бројот на вработени, итн.

Во текот на 2010 година од оваа кредитна линија се одобрени 14 кредитни барања во вкупен износ од 2.337.000 евра. Најзастапени дејности кои се финансирани од оваа кредитна линија се: преработувачка индустрија (44%), услуги (21%), производство на мебел (15%), производство на храна (9%), градежништво (6%) и транспорт (5%).

1.2. Кредити за финансирање на производство наменето за извоз

Средствата од кредитната линија се наменети за финансирање на обртни средства за подготовка на производство наменето за извоз. Кредитите се одобруваат врз основа на идентификувани приливи од извоз.

Извозните аранжмани треба да остваруваат позитивен нето девизен ефект што во крајна линија ќе придонесе кон подобрување на трговскиот и платниот биланс на Р.Македонија. Во текот на 2010 година беа изменети условите на кредитната линија во насока на намалување на крајната каматна стапка од 8% годишно на 7% годишно, како и намалување на процедурите за аплицирање за оваа кредитна линија. Во текот на 2010 година од оваа кредитна линија се одобрени 4 кредитни барања во вкупен износ од 1.606.950 евра при што беше поддржан извоз од околу 5,5 милиони евра.

1.3. Кредитна линија за финансирање на трајни обртни средства

Кредитната линија е дизајнирана како надополнување на кредитната линија за трајни обртни средства од револвинг фондот од Италијанската стокова кредитна линија (точка 2.2.). Таа е наменета за поддршка на мали и средни трговски друштва за финансирање на трајни обртни средства согласно потребите на кредитокорисниците и нивните бизниси. Во текот на 2010 година одобрени се 2 кредити од оваа кредитна линија со вкупен износ од 60.000 евра.

1.4. Состојба на пласирани кредити од сопствени извори

Состојбата на пласираните кредити од сопствени извори на средства според поддржани дејности е прикажана во следната табела:

Р.б.	Дејност	Износ во ЕУР		Индекс 2010/2009
		31.12.2009	31.12.2010	
1	Производство на прехрамбени производи и текстил	7.687.653	1.846.950	24,0
2	Производство на дрво и производи од дрво, хартија, хемиски и метални производи	5.272.827	350.000	6,6
3	Останата преработувачка индустрија	293.947	1.026.000	349,0
4	Градежништво	827.564	127.000	15,3
5	Хотели и ресторани	2.046.847	-	0,0
6	Транспорт	2.166.816	154.000	7,1
7	Здравство и образование	632.850	-	0,0
8	Трговија	2.552.069	-	0,0
9	Услуги	495.855	500.000	100,8
	Вкупно	**21.976.428**	**4.003.950**	**18,2**

Графички приказ: Пласирани средства од сопствени извори по градови во 2010 година.



Од презентираното се согледува дека во најголем дел одобрени се кредити во Свети Николе (25%), Скопје (21%) и Битола (19%). Со помало учество се градовите Неготино, Тетово, Прилеп и Струмица.

Во следниот графикон презентирани се одобрените кредити во 2010 година по дејности:



Од аспект на структурата по дејностите поддржани со кредитни средства од сопствени извори, најмногу простор отпаѓа на проектите од областа на производството на храна (46%), останатата преработувачка индустрија (26%), услугите (13%), производството на мебел (9%) и транспортот и градежништвото (со по 3% секое).

Во 2010 година користењето на кредитните програми од сопствени средства на МБПР според банки учеснички е прикажано во дијаграмот подолу. Притоа најмногу средства се одобрени преку НЛБ Тутунска банка и ТТК банка, а потоа следат Стопанска банка Битола, Прокредит банка и УНИ банка.



Доколку се спореди 2009 година со 2010 година се согледува тренд на намалување на користењето на кредитните линии од сопствени средства на МБПР што се должи пред се на ставањето акцент на кредитна линија ЕИБ 100 милиони ЕУР кај која добар дел од средствата беа насочени за поддршка на МСП преку инвестициони кредити и трајни обртни средства со крајна каматна стапка од 5,5% годишно и со подолги рокови на отплата (за оваа кредитна линија дадени се поопширни информации во точка 2.1.).

2. Кредитни линии од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори

МБПР како развојна банка, а со цел проширување на лепезата на финансиски инструменти, користи извори на средства од домашни и меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори. Овие кредитните линии се прикажани во наредната табела:

Назив на кредитната линија	Износ	Рок на отплата	Крајна каматна стапка
ЕИБ кредитна линија за инвестициони кредити	од 10.000 до 3.500.000 ЕУР	до 5 год. со вклучени до 12 месеци грејс	5,5% годишно
ЕИБ кредитна линија за ТОС	од 5.000 до 666.700 ЕУР	до 3 год. со вклучени до 6 месеци грејс	5,5% годишно
ЕИБ кредитна линија за приоритетни проекти	до 12.500.000 ЕУР	до 15 год. со вклучени до 36 месеци грејс	5,5% годишно
Стокова кредитна линија од Република Италија - Револвинг фонд	од 50.000 до 500.000 ЕУР	до 3 год. со вклучени до 6 месеци грејс	7%*, 8% годишна
Кредитна линија за финансирање на микро, мали и средни претпријатија од *KfW* (КМБ1, КМБ2, КМБ3)	до 50.000 ЕУР	до 4 години	ја утврдува банката-учесник
Кредитна линија од Развојната банка при Совет на Европа - СЕВ	до 400.000 ЕУР	до 7 години со вклучен грејс период до 2 години	околу 9% годишна
Проект за одржлива енергија (енергетска ефикасност)	до 60% од вредноста на проекти од 20.000 до 500.000 УСД	до 6 години	ја утврдува банката-учесник
Проект за одржлива енергија (обновливи извори на енергија)	до 60% од вредноста на проекти од 50.000 до 4.000.000 УСД	до 10 години со вклучен грејс период до 3 години	ја утврдува банката-учесник
Проект "Самовработување со кредитирање"	за 1 невработено лице - 3.000 ЕУР, максимум 15.000 ЕУР; за 1 невработено лице-технолошки вишок - 4.000 ЕУР, максимум-20.000 ЕУР	до 4 години со вклучена 1 година грејс период	1 % годишна, во грејс период не се плаќа камата
ОКФ (ЗКДФ)	до 100.000 евра за примарно земјоделско производство, до 300.000 евра за преработка на земјоделски производи (освен за млинови) и до 200.000 евра за трговија со примарни	во договор со финансиската институција учесник	Од 4,5% до 5,5% годишна

	земјоделски производи наменети за извоз		

** 7% за кредитокорисници кои претходно користеле средства од Стоковата кредитна линија од Р. Италија*

2.1. ЕИБ кредитна линија

Кредитите се обезбедуваат од кредитната линија од Европската инвестициона банка (ЕИБ) во износ од 100.000.000 ЕУР кои се наменети за финансирање на основни средства и трајни обртни средства.

Со средствата од кредитна линија се поддржуваат следните кредитни програми:

2.1.1. Инвестициони кредити од ЕИБ

Износ на поединечен кредит наменет за крајните корисници:	Микро претпријатија кредит до 45.000 ЕУР Мали претпријатија кредит до 450.000 ЕУР Средни претпријатија кредит до 3.500.000 ЕУР
Рок на отплата:	До 5 години
Вклучен грејс период:	До 12 месеци

Намена:	Поддршка на идентификувани проекти и тоа:
	• Купување на материјални средства:
	  • Недвижности (освен земјиште),
	  • Опрема,
	  • Обртни средства (не повеќе од 30% од вредноста на кредитот),
	  • Инвестиции во нематеријални средства (развој, планирање и финансирање во фаза на конструкција како и трошоци за плати и останато поврзано со фазата на истражување и развој).

2.1.2. Кредити за трајни обртни средства од ЕИБ

Износ на поединечен кредит наменет за крајните корисници:	Микро претпријатија кредит до 20.000 ЕУР Мали претпријатија кредит до 200.000 ЕУР Средни претпријатија кредит до 666.700 ЕУ
Рок на отплата:	Не помал од 2 години и не повеќе од 3 години
Вклучен грејс период:	До 6 месеци
Намена:	Поддршка на барањата за перманентно зголемување на потребите за обртен капитал во услови на експанзија на бизнис активностите на компанијата

2.1.3. Кредити за приоритетни проекти од ЕИБ

Износ на поединечен кредит наменет за крајните корисници:	До 12.500.000 ЕУР
Рок на отплата:	До 15 години
Вклучен грејс период:	До 3 години
Намена:	Поддршка на приоритетни проекти од областа на индустријата, образованието, културата, екологијата и сл.

Кон крајот на 2009 година беше повлечена првата транша од оваа кредитна линија во износ од 12.465.771 евра при што се поддржаа 35 проекти. Во 2010 година се повлечени уште 5 транши во вкупен износ од 52.552.157 евра при што се одобрени 234 кредити. Треба да се има предвид дека во 2010 година оваа кредитна линија стана актуелна особено по промената на каматната стапка која се намали од 6% на 5,5% годишно и зголемувањето на учеството на делот на МБПР од максимум 75% на максимум 100%.

Структурата на одобрените кредити по банки е дадена во следниот дијаграм од кој може да се види дека преку Комерцијална банка, НЛБ Тутунска банка, и Охридска банка се одобрени најголем дел од кредитите од оваа кредитна линија.





Во 2010 година од средствата од ЕИБ кредитната линија се финансирани проекти од различни дејности што може да се види од наредниот графикон.



Географската дисперзија на одобрените кредити од ЕИБ кредитната линија по градови е прикажана во наредната табела:

Р.бр.	Град	Износи
1	Скопје	23.544.225
2	Битола	5.974.090
3	Струмица	1.814.500
4	Тетово	1.144.549
5	Штип	2.010.500
6	Куманово	1.445.878
7	Вландово	1.227.875
8	Кочани	1.712.500
9	Велес	3.076.000
10	Охрид	2.711.500
11	Св. Николе	108.840
12	Струга	825.000
13	Гостивар	1.124.325
14	Радовиш	2.343.750
15	Прилеп	1.078.250
16	Виница	576.375
17	Кавадарци	333.750
18	Кратово	535.000
19	Неготино	564.750
20	Гевгелија	189.750
21	Демир Капија	122.250
22	Демир Хисар	75.000
23	Пробиштип	13.500
	Вкупно	**52.552.157**



2.2. Стокова кредитна линија од Република Италија-Револвинг фонд

Во рамките на билатералната соработка помеѓу Република Македонија и Република Италија, Владите на двете земји во месец мај 1999 година потпишаа Финансиска конвенција за одобрување на стоков кредит во износ од 12,7 милиони евра за набавка на машини, опрема и технологија од италијанско производство за потребите на македонските компании. Средствата беа наменети за проекти со кои се обезбедува ново производство, модернизација, заокружување на технолошкиот процес и отстранување на тесни грла и истите се целосно искористени. Кредитната линија е реализирана преку банките учеснички, а средствата се во целост искористени. Од наплатените средства е формиран револвинг фонд за финансирање на трајни обртни средства со рок на отплата до 3 години. Во 2010 година од овој фонд се одобрени 2 кредитни барања во вкупен износ од 112.500 евра. Салдото по основ на одобрени кредити со состојба со 31.12.2010 година за оваа кредитна линија заедно со револвинг фондот изнесува 4.761.450 евра.

2.3. Германско - Македонски фонд за повратници од Германија – DEG

Во ноември 2003 година фондот основан со средства од Владата на Сојузна Република Германија со намена за финансирање на повратници од СР Германија, беше предвремено затворен. Фондот од Министерство за финансии во март 2004 година беше преструктуиран и претворен во кредитен однос на МБПР кон Министерството за финансии на Република Македонија (МФ). Средствата од оваа кредитна линија во износ од 3,5 милиони евра согласно договорот со МФ, се насочени кон кредитните програми на МБПР, односно за поддршка на мали и средни трговски друштва и проекти за производство наменето за извоз.

2.4. Кредитна линија за финансирање на микро, мали и средни претпријатија од *KfW* (КМБ 1)

Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје е назначена за управувач на Фондот формиран од средствата на кредитната линија. Средствата се пласираат преку Извозна и Кредитна банка АД Скопје, НЛБ Тутунска банка АД Скопје, Прокредит банка АД Скопје и Штедилница Можности ДОО Скопје. Кредитната линија е целосно реализирана.

Корисници на кредитите се:

- микро и мали претпријатија,
- индивидуални претприемачи,
- занаетчиски дуќани,
- приватни трговци,
- тезги на пазар,
- други микро и мали стопански субјекти.

Преглед на состојба по банка-учесник со 31.12.2010

Банка-учесник	ЕУР
Извозна и Кредитна банка АД Скопје	1.500.000
НЛБ Тутунска банка АД Скопје	500.000
Прокредит банка АД Скопје	2.000.000
Штедилница Можности ДОО Скопје	1.394.750
Вкупно	**5.394.750**

2.5. Кредитна линија за финансирање на микро, мали и средни претпријатија од *KfW* (КМБ 2)

Оваа кредитна линија во вкупен износ од 6,2 милиони евра е наменета за кредитна поддршка за микро, мали и средни компании од Република Македонија. Кредитната линија е целосно реализирана преку Извозна и Кредитна банка АД Скопје, НЛБ Тутунска банка АД Скопје и Прокредит банка АД Скопје.

Преглед на состојба по банка-учесник со 31.12.2010

Банка-учесник	ЕУР
Извозна и Кредитна банка АД Скопје	2.050.000
НЛБ Тутунска банка АД Скопје	1.300.000
Прокредит банка АД Скопје	1.900.000
Вкупно	**5.250.000**

2.6. Кредитна линија за финансирање на микро, мали и средни претпријатија од *KfW* (КМБ 3)

Оваа кредитна линија во вкупен износ од 7,6 милиони евра е наменета за кредитна поддршка за микро, мали и средни компании од Република Македонија. Кредитната линија е реализирана преку ИК банка АД Скопје, Шпаркасе Македонија АД Скопје и Прокредит банка АД Скопје во следниве износи:

Преглед на состојба по банка-учесник со 31.12.2010

Банка-учесник	ЕУР
Извозна и Кредитна банка АД Скопје	662.500
Шпаркасе Македонија АД Скопје	750.000
Прокредит банка АД Скопје	1.630.462
Вкупно	**3.042.962**

2.7. Кредитна линија од Развојна банка при Совет на Европа - СЕВ

Основна цел на кредитната линија е финансирање на задржување на постојните и креирање на нови работни места во малите и средни трговски друштва во Република Македонија. Потенцијалните крајни корисници треба да имаат до 250 вработени, вкупна актива до 11 милиони евра и капитал во сопственост на не-МСТД помал од 1/3 од вкупниот капитал.

Кредитната линија се реализира преку три селектирани комерцијални банки (Комерцијална банка АД Скопје, Охридска банка АД Охрид и Стопанска банка АД Битола) со кои се склучени договори за кредит.

Изложеноста по банки од оваа кредитна линија со состојба 31.12.2010 година изнесува:

Банка-учесник	ЕУР
Комерцијална банка	413.897
Охридска банка	1.516.920
Вкупно	**1.930.817**

2.8. Проект за одржлива енергија

Во февруари 2007 година беа склучени договори со Меѓународната банка за обнова и развој (ИБРД) и со Министерството за финансии на Република Македонија (МФ) за реализација на Проектот за одржлива енергија. Во текот на 2010 година извршени се измени во Проектот во насока на намалување на кредитниот фонд од 3,7 милиони УСД на кредитен фонд до 1,5 милиони УСД. Дел од средствата се пренасочени кон Министерство за економија за реализација на проекти за енергетска ефикасност на јавни згради.

Според условите на склучените договори со МФ на РМ и ИБРД, во овој проект МБПР учествува со дополнителни сопствени средства од 1,5 милиони УСД, односно во сооднос 50:50. Средствата се наменети за финансирање на проекти:

- до 500.000 УСД за проекти за енергетска ефикасност,
- до 4.000.000 УСД за проекти за обновливи извори на енергија.

Средствата од оваа кредитна линија се пласираат преку комерцијални банки со кои МБПР има склучено договори за соработка и тоа: Комерцијална банка АД Скопје, УНИ банка АД Скопје, ИК банка АД Скопје и Охридска банка АД Охрид.

Во 2010 година одобрено е едно кредитно барање во износ од 1.830.000 ЕУР за изградба на фотоволтаична централа. Кредитното барање е одобрено преку Охридска банка ад Охрид.

2.9. Други кредитни линии и проекти

2.9.1.Проект „Самовработување со кредитирање"

Во 2008 година започна реализација на проектот „Самовработување со кредитирање" на Владата на Република Македонија (преку Агенцијата за вработување на Република Македонија). Цел на проектот е создавање на ефикасен систем на економска и социјална поддршка и продуктивно ангажирање на категоријата невработени лица во Република Македонија. Кредитната програма е насочена кон поддршка на долгорочно невработените лица, корисниците на парични надоместоци по основ на невработеност и младите лица кои прв пат се вработуваат. Лицата-корисници на средства од оваа програма се обврзуваат најмалку во периодот на отплата на кредитот да не можат да се вратат во евиденцијата на невработени лица.

За реализација на овој проект, во кој МБПР има улога на агент банка, склучени се договори со три деловни банки и тоа Охридска банка АД Охрид, НЛБ Тутунска банка АД Скопје и Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

Едно невработено лице може да аплицира за кредит до 3.000 евра, при што доколку станува збор за невработено лице прогласено за технолошки вишок истото може да аплицира максимум до 4.000 евра. Со состојба 31.12.2010 година преку МБПР од овој проект поддржани се невработени лица во вкупен износ од 9.527.968 евра.

2.9.2. Земјоделски кредитен дисконтен фонд (ЗКДФ) кредитна линија

Согласно одлуката на Владата на Република Македонија, почнувајќи од 01.07.2010 ЗКДФ кредитната линија се администрира во рамки на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), што е регулирано со Договор за администрирање склучен помеѓу Министерството за финансии и МБПР.

Со промената на институцијата администратор не се извршија суштински промени на начинот на реализацијата на оваа кредитна линија и МБПР ги спроведе сите неопходни активности за понатамошна успешна реализација на оваа кредитна линија.

Вкупно 9 финансиски институции се вклучени во реализација на ЗКДФ кредитите, од кои 7 се деловни банки и 2 се штедилници, кои преку својата мрежа на филијали и експозитури на целата територија на Република Македонија овозможуваат полесен пристап на овие средства до потенцијалните корисници.

Во насока на зголемување на достапноста на кредитните средства до целната група и подобрување на кредитните услови, преку зголемена конкуренција, МБПР презема активности за зголемување на бројот на финансиски институции кои ги сервисираат овие кредити. Имено, во последниот квартал од 2010 година до МБПР беа доставени писма за интерес за вклучување во реализацијата на ЗКДФ кредитната линија од страна на Охридска Банка АД Охрид и Прокредит Банка АД Скопје. Врз основа на направената детална анализа на работењето на банките од аспект на претходно дефинираните Критериуми за утврдување и мониторинг на квалификуваност на деловните банки за учество во реализацијата на средствата од ЗКДФ, МБПР побара согласност од Министерството за финансии за вклучување на Охридска Банка АД Охрид и Прокредит Банка во ЗКДФ кредитната линија.

Споредено со претходниот период, реализацијата на ЗКДФ кредитната линија во текот на 2010 година е со намалена диманика, пред се како резултат на економската криза што влијаеше на спроведување на порестриктивна кредитна политика од страна на финансиските институции учеснички и одложување на планираните инвестиции од страна на потенцијалните кредитокорисници.

Имплементацијата на кредитните активности во рамки на Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд се спроведува почнувајќи од октомври 2003 година и заклучно со 31.12.2010 година одобрени се вкупно 4.832 кредити во вкупен износ од 49,7 милиони евра, односно 38,0 евра рефинансирање преку ЗКДФ (вкупно од сите извори на средства ИФАД 1, ИФАД 2, ПСДЛ 1, ПСДЛ 2 и ЕИБ). Просечниот износ на кредит изнесува 10.302 евра.

Година	2003	2004	2005	2006	2007	2008	2009	2010	вкупно
Број на одобрени кредити	18	400	761	1.131	435	1.183	513	391	4.832
Износ на одобрено рефинансирање (во милиони ЕУР)	0,3	2,1	2,6	4,5	2,0	12,2	10,5	3,8	38,0

Структурата на бројот на одобрени кредити по финансиски институции покажува соодветен баланс помеѓу деловните банки и штедилниците. Во реализацијата на кредитите до сега најактивно се вклучени НЛБ Тутунска банка АД Скопје (1.520 одобрени кредити или 36% од вкупниот износ на рефинансирање), Шпаркасе банка Македонија АД Скопје (1.221 одобрен кредит или 28% од вкупниот износ на рефинансирање) и Штедилница Можности (1.517 одобрени кредити или 12% од вкупниот износ на рефинансирање). Исто така, не помалку значајно е и учеството на останатите финансиски институции.

	Финансиска институција учесник	Број на одобрени кредити	Процент од вкупниот број на одобрени кредити	Вкупен износ на одобрени кредити (ЕУР)	Процент од вкупниот износ на одобрени кредити	Вкупен износ на одобрено рефинансирање (ЕУР)
1	Комерцијална банка АД Скопје	111	3	7.593.066,21	15	5.923.699,22
2	Шпаркасе банка Македонија АД Скопје	1.221	25	14.001.104,35	28	10.830.277,23
3	УНИ банка АД Скопје	4	0	444.000,87	1	355.200,00
4	НЛБ Тутунска банка АД Скопје	1.520	31	17.812.304,97	36	13.621.914,24
5	Стопанска банка АД Битола	33	1	1.337.800,68	3	1.069.927,60
6	Статер банка АД Куманово	185	4	1.926.684,46	4	1.468.201,56
7	Штедилница ФУЛМ	241	5	563.497,19	1	419.753,72
8	Штедилница МОЖНОСТИ	1.517	31	6.001.750,97	12	4.338.337,54
9	Стопанска банка АД Скопје	0	0	0	0	0
	Вкупно	**4.832**	**100**	**49.680.209,70**	**100**	**38.027.311,11**

Од вкупно одобрените кредити, 94% се кредити за примарно производство до 100.000 евра, 5% се кредити за мали и средни претпријатија кои вршат преработка на земјоделски производи до 300.000 евра, додека 1% се кредити за извоз на земјоделски производи до 200.000 евра. Структурата по вредност

покажува дела учеството на кредитите наменети за примарно земјоделско производство е најголемо со 28,6 милиони евра или 58% од вкупно пласираните средства. Потоа следуваат кредити за преработка на земјоделски производи со 18,8 милиони евра (38%) и кредити за извоз на земјоделски производи во износ од 2,3 милиони евра (4%).

	Категорија на кредит	Број на одобрени кредити	Процент од вкупниот број на одобрени кредити	Вкупен износ на одобрени кредити (ЕУР)	Процент од вкупниот износ на одобрени кредити	Вкупен износ на одобрено рефинансирање (ЕУР)
1	Кредити за примарно земјоделско производство	4.541	94	28.570.397,63	58	21.576.576,23
2	Кредити за преработка на земјоделски производи	252	5	18.800.159,65	38	14.684.478,37
3	Кредити за извоз на земјоделски производи	39	1	2.309.652,42	4	1.766.256,51
	Вкупно	**4.832**	**100**	**49.680.209,70**	**100**	**38.027.311,11**

2.9.3. Кредитна линија ЕАР

Кредитната линија од Европската агенција за реконструкција (ЕАР) беше наменета за поддршка на мали и средни трговски друштва. Во оваа кредитна програма МБПР е во улога на комисионер и согласно договорните услови, Банката од 01.01.2008 година врши само наплата на пласираните средства. Со 31.12.2010г. изложеноста за оваа кредитна линија изнесува 1.316.119 евра.

3. Кредитно портфолио

Имајќи го в предвид претходно изнесеното, следствено кредитните активности се одразија на кредитното портфолио со што на крајот на 2010 година тоа покажува една поинаква слика во однос на 2009 година. Со 31.12.2010 година вкупната изложеност на МБПР (без комисионо работење) изнесува 95,6 милион евра при што ваквиот пораст на изложеноста споредено со 2009 година, пред сé се должи на пласирањето на кредитите од кредитната линија ЕИБ 100 милиони евра.

Во структурата на кредитите од аспект на ризичноста, доминантно е учеството на кредитите класифицирани во А категорија на ризик кои учествуваат со 98%, а остатокот се однесува на кредитите во Д категорија на кои отпаѓа 2% (пред се кредити кон Експорт импорт банка во стечај). Структурата на кредитното портфолио по банки учеснички е прикажана на следниот дијаграм:



Од прикажаниот дијаграм може да се согледа дека најголемо е учеството на Комерцијална банка со 31%, потоа следи НЛБ Тутунска банка со 22% и Охридска банка со 10,5%. Потоа следи Стопанска банка Битола со 10,2%, Прокредит банка со 8% и ТТК банка со 5%. Нешто помало е учеството на ИК банка (4%), Стопанска банка Скопје (4%), Шпаркасе банка (1%) и Уни банка (2%).

Во вкупното портфолио доминира користењето на средствата од странски кредитни линии кои претставуваат 78% од портфолиото, додека кредитите финансирани од сопствени средства на Банката учествуваат со 21%.

Структурата на пласманите по одделни кредитни линии на МБПР (без да се земат предвид кредитните линии кои имаат комисионен карактер) е прикажана со следните графикони:



Структурата на пласманите по одделните кредитни линии на МБПР (заедно со кредитните линии кои имаат комисион карактер) е дадена во следните графикони:





Од презентираното може да се согледа дека во портфолиото на МБПР со 31.12.2010г. доминантно е учеството на кредитната линија ЕИБ 100 милиони евра која во вкупното портфолио на МБПР учествува со 47%.

VII ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊА

1. Инструменти на осигурување на побарувања (извозни и домашни)

МБПР е единствената финансиска институција во Република Македонија која врши осигурување на извозни и домашни побарувања од комерцијални и политички ризици на краток рок.

Во текот на 2010 година, МБПР ги нудеше следните инструменти на осигурување:

1.1. Осигурување од комерцијални ризици на краток рок:

- Пред испорака на стоките, односно услугите:
  - стечај.

- По испорака на стоките, односно услугите:
  - стечај,
  - продолжено неплаќање.

1.2. Осигурување од политички ризици:

- Ризик од војна или слични настани,
- Ризик од откажување на лиценци,
- Раскинување на договор.

2. Договор за реосигурување

Во 2010 година, Банката го реосигуруваше вкупното осигурено извозно и домашно портфолио. Реосигурувањето се вршеше согласно склучениот квотен (задолжителен) договор за реосигурување со реосигурителите Atradius RE, Nationale Borg и SID-PKZ.

Со квотниот договор за реосигурување се постигнаа поповолни услови во однос на преземениот ризик, премиските стапки, осигураните ризици итн., во споредба со предходните години. Согласно квотниот договор за реосигурување, кај осигурувањето на извозните побарувања МБПР презема 10%, а реосигурителите преземаат 90% од осигурениот ризик на МБПР. Кај осигурување на домашните побарувања МБПР презема ризик од 15%, а реосигурителите преземаат 85% од осигурениот ризик на МБПР.

Поединечното преземање на ризикот од страна на реосигурителите е како што следи:

- Атрадиус РЕ, Р.Ирска - 58,34%,
- Натионале Борг, Холандија - 25,00%,
- СИД-ПКЗ, Словенија - 16,66%.

3. Обем на работење

3.1. Полиси за осигурување на извоз од комерцијални ризици на краток рок

Во текот на 2010 година МБПР потпиша полиси за осигурување на извозни побарувања од комерцијални ризици на краток рок со 40 осигуреници, а со 11

осигуреници потпиша полиса за осигурување на домашни побарувања од комерцијални ризици.

3.2. Осигурен извоз

Во текот на 2010 година, МБПР осигура извоз во износ од 14.293.883,49 евра, при што пресмета и наплати премија во износ од 123.451 евра.

Во текот на 2010 година, МБПР осигура домашни побарувања од краткорочни комерцијални ризици во износ од 3.542.038,35 евра, и наплати премија во износ од 29.713,57

МБПР во минатата година оствари пораст во делот осигурување на извозните побарувања од комерцијални ризици во однос на претходните години со што им овозможи на поголем број на македонски извозници да ги пласираат своите производи и услуги на странските пазари.

Графички приказ: Осигурен извоз и домашни побарувања од комерцијални ризици по години



Графички приказ: Остварена премија (извоз-домашно) по години



Во следната табела презентирани се податоци за осигурен извоз и наплатена премија по квартали за 2010 година.

Квартали	Осигурен извоз во евра	Премија во евра
01.01-31.03.2010	1.820.345,03	15.939,58
01.04-30.06.2010	3.366.113,46	27.203,72
01.07-30.09.2010	3.665.775,00	33.705,60
01.10-31.12.2010	5.441.650,00	46.602,00
Вкупно	**14.293.883,49**	**123.451**

Во табелата што следи прикажани се осигурени домашни побарувања и наплатена премија по квартали за 2010 година.

Квартали	Осигурени побарувања во евра	Премија во евра
01.01-31.03.2010	186.154	1.560
01.04-30.06.2010	336.887	2.655
01.07-30.09.2010	1.616.504	13.847
01.10-31.12.2010	1.402.493	11.651
Вкупно	**3.542.038**	**29.713**

Структурата на осигурените побарувања во 2010 година по групи на земји според класификација на реосигурителот се презентирани во следната табела:

Класификациона група	Извоз	% на учество на извозот	Земји на извоз
А	2.386.621	16,70	Германија, Шведска, Италија,Финска, Франција
Б	915.014	6,40	Грција, Полска, Словенија, Чешка
Ц	10.639.124	74,4	Хрватска, Босна и Херцеговина, Бугарија, Украина, Србија, Русија, Романија
Д	353.124	2,47	Албанија, Црна Гора, Белорусија
Вкупно	**14.293.883**	**100,00**	

Износот на премија што МБПР ја плаќа на реосигурителите е 90% од вкупно наплатената премија. Согласно на ова, при преземање на ризикот, односно исплата на оштета, реосигурителите учествуваат со 90% во износот на оштета, а МБПР со 10%.

3.3. Лимити за осигурување и изработени бонитети

Во 2010 година се доставени вкупно 405 апликации за кредитен лимит за странски купувачи со цел одобрување на лимити за осигурување. Имено, вкупниот износ на барани лимити за осигурување од страна на осигурениците и

потенцијалните осигуреници е 27.295.000 евра, а одобрени се лимити за осигурување во износ од 16.621.000 евра.

Одобрените лимити за осигурување според класификациони групи на земји во 2010 година се дадени во табелата.

Класификациона група	Баран износ во евра	Одобрен износ во евра	% учество на одобрени лимити
А	3.257.000	2.055.000	12,36
Б	1.815.000	1.450.000	8,72
Ц	1.893.000	12.340.000	74,24
Д	2.330.000	776.000	4,66
Вкупно	**27.295.000**	**16.621.000**	**100,00**

Графички приказ: Процентуално учество на одобрени лимити за осигурување во 2010 година според класификациони групи на земји



Во текот на 2010 година се изработени вкупно 73 бонитети за македонски компании.

3.4. Штети

Во текот на 2010 година МБПР исплати штети во корист на осигурениците во износ од 111.876,26 ЕУР поради настанати осигурени случаи (стечај, продолжено неплаќање) кај осигурените ризици (странските купувачи).

3.5. Договори со странски институции

МБПР и EOS Matix doo од Македонија склучија договор за наплата на доспеани побарувања од купувачи кон кои МБПР има осигурано побарувања од комерцијални ризици.

3.6. Меѓународна соработка

Македонска банка за поддршка на развојот е полноправен член на Меѓународната асоцијација на извозно кредитни агенции - Прашки клуб од 1999

година. Како полноправен член, МБПР во 2010 година активно учествуваше во работата на Прашкиот клуб, придонесувајќи за остварување и почитување на целите на асоцијацијата: меѓусебна соработка, размена на искуства, прифаќање на меѓународни стандарди, промовирање на кредитното осигурување, обезбедување на меѓусебна помош и размена на информации. МБПР учествуваше на двете одржани полугодишните редовни состаноци на членките на Прашки клуб.

МБПР активно учествуваше на меѓународната конференција за поддршка на извозот што се одржа во месец септември 2010 година во Загреб, Хрватска во организација на ХБОР. Главни теми беа економските текови и новите области во кои може да работат институциите кои вршат кредитно осигурување, како и нивната улога во поддршка на иновативното претприемништво.

VIII УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Во согласност со Законот за банките (Сл.весник бр. 67 од 01.06.2007 година), Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје континуирано управува со ризиците соодветно на природата, видот и обемот на финансиски активности што ги врши. Критериумите, начинот и методите на управување со ризиците, како и оцената на адекватноста на капиталот согласно со нејзиниот профил на ризичност, Банката ги пропишува во интерните акти. Со интерните акти се опфатени сите материјални ризици на кои е изложена банката при вршење на финансиските активности.

Органите на управување на Банката ги групираат ризиците во три категории:

- *Ризици кои може да бидат елиминирани или избегнати со едноставни деловни практики*. Во овој контекст, органите на управување континуирано вршат активности насочени кон стандардизација на процесите, договори, процедури, креирање портфолио со диверзификација секогаш кога е можно и сл.,
- *Ризици кои може да бидат трансферирани*. Во овој контекст, органите на управување, доколку оценат дека е потребно, преземаат активности за трансфер на ризикот како што се продажба на побарувања, формирање на портфолио на тргување и сл.,
- *Ризици кои треба активно да бидат управувани*. За ризиците кои произлегуваат од основната активност на Банката, политика на Банката е да ги апсорбира и да управува соодветно со нив.

Системот на управување со ризици е сврзан со интегрирана рамка на одговорности и функции водени од ниво на органи на управување па се до оперативните нивоа, покривајќи ги сите аспекти на ризикот. Управувањето со ризици е процес што е дел од внатрешните контроли, кој е под влијание на Надзорниот одбор, Управниот одбор и сите нивоа на вработени. Процесот не е само составен од политики или процедури применувани во одреден временски период, туку од континуирано постапување согласно со политиките и процедурите на сите нивоа во институцијата. Имено, процесот на управување со ризици вклучува дефинирање на ризиците кои активно се управувани, процедурите за управување на ризиците, како и улогата и одговорностите на секој вработен во процесот на управување со ризици. Оттука, воспоставениот систем на управување со ризици вклучува:

- политики, процедури и инструменти за заштита и намалување на ризиците,
- организациона структура со јасно дефинирани одговорности при преземање и управување со ризиците,
- информативен систем,
- механизам што обезбедува можност за ревидирање на системите, политиките и процедурите за управување со ризиците,
- систем на внатрешна контрола и внатрешна ревизија.

Со системот на управување со ризици Банката ги опфаќа најмалку:

- Кредитен ризик (со вклучен ризик на земја),
- Ризик од концентрација на изложеноста,
- Ликвидносен ризик,
- Валутен ризик,
- Ризик од промена на каматни стапки во портфолио на банкарски активности,
- Оперативен ризик,
- Правен ризик,
- Репутациски ризик,
- Стратегиски ризик.

1. Кредитен ризик

Кредитниот ризик претставува ризик од загуба за Банката поради неможноста клиентот или друга договорна страна да ги измирува своите обврски во договорениот износ и/или договорените рокови. Имајќи го предвид фактот дека сите промени на макроекономските индикатори во една земја водат кон квалитативни промени кај клиентите, покрај кредитниот ризик Банката го вклучува и ризикот на земјата. Кредитите се најголеми и најочигледни извори на кредитен ризик. Меѓутоа, постојат и други извори на кредитен ризик што постојат од извршување на активностите на Банката и се вклучени во билансната и вонбилансна евиденција.

Банката го контролира кредитниот ризик со донесување на кредитни политики и процедури со кои се утврдува системот на внатрешни контроли со цел превентивно делување на ризиците. Имено, Банката работи врз основа на дефинирани критериуми за нови изложености на кредитен ризик, како и за распространетост на постојните изложености на кредитен ризик. Пред одобрување на било каква активност, која има влијание на изложеноста на кредитен ризик, Банката врши оценка на профилот на ризичност на поединечна основа (клиент/трансакција) што вклучува: оценка (квантитативна и квалитативна) на кредитната способност на клиентот/друга договорна страна, искуство на плаќање на должникот базирано врз историски податоци како и адекватност на обезбедувањето. Интерниот модел за оценка му овозможува на менаџментот да утврди дали има објективни докази за оштетување во согласност со МСС 39. Најмалку еднаш месечно се оценува дали постојат објективни докази за оштетување на средствата и се пресметува загуба поради штетување на поединечна основа. Доколку постојат индикатори за оштетување, Банката го проценува надоместливиот износ на средството. Загубата поради оштетување е износот за кој сметководствената вредност на едно средство е повисока од надоместливиот износ, односно финансиското средство се оценува како оштетено доколку неговата сметководствена вредност е поголема од неговиот проценет надоместлив износ. Оттука, Банката врз основа на индикатори кои индицираат дека сметководствената вредност е поголема од надоместливиот износ го проценува надоместливиот износ за тоа средство и признава загуба поради оштетување.

Изложеност на кредитен ризик по категории на ризик



Банката не определила исправка на вредност за околу 98% од вкупната изложеност на кредитен ризик. Со состојба 31/12/2010 година, вкупниот износ на исправка на вредност/посебна резерва е 1,97% од вкупната изложеност на кредитен ризик што претставува ниско ниво на ризичност.

2. Ризик на земја

Ризик на земја е ризикот дека економските, социјалните и политичките услови и настани во одредена странска земја ќе влијаат на работењето на Банката. Во функција на управување со овој ризик, Банката воспоставува адекватен систем на идентификација, оценка, мониторинг и контрола при што има предвид дека ризикот на земјата не е лимитиран само на изложеност кон лица со домицилна земја различна од Република Македонија, туку ги разгледува и факторите што можат да влијаат на изложеноста кон домашни лица доколку кредитната способност на наведеното лице е под значајно влијание на настани во друга земја. Управувањето со ризик на земји е интегриран со процесот на управување со кредитен ризик. Ризикот на трансфер како значаен ризик, Банката го инкорпорира во ризикот на земји, односно не се утврдуваат одделни лимити за ризик на трансфер.

Цел на политиката за управување со ризик на земја на Банката е обезбедување неопходни предуслови за идентификување на изложеноста на Банката на ризик на земја и ограничување на изложеноста според нивото на ризикот.

3. Ризик од концентрација на изложеноста

Ризикот од концентрација на изложеноста е секоја поединечна изложеност или група на изложености кои потенцијално може да предизвикаат загуба доволно голема што може да влијае на финансиската состојба на Банката или на редовното извршување на нејзините активности.

Цел на политиката за управување со ризик од концентрација на изложеноста е да обезбеди дека покрај тоа што управува со ризикот од концентрација на изложеноста согласно со Законот за Македонска банка за поддршка на развојот и другите позитивни законски прописи, Банката го прилагодува и нивото на ризик од концентрација на изложеноста на деловната политика и развоен план.

4. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик претставува тековен или иден ризик, банката да не може да обезбеди доволно парични средства за измирување на своите краткорочни обврски во моментот на нивното достасување или потребните средства да ги обезбеди со многу повисоки трошоци.
Основните начела и принципи за управување со ликвидоносниот ризик се утврдени со Политиката и процедурите за управување со ликвидоносен ризик. Со цел управување со ликвидноста Банката одржува потребно ниво на ликвидни средства, континуирано ја следи тековната ликвидност, обезбедува доволно денарски и девизни средства за навремено подмирување на обврските и за исплата на одобрените кредити. Моменталните вишоци на ликвидни средства се пласираат во високо ликвидни хартии од вредност, во краткорочни позајмици на деловните банки во Македонија и во депозити во странски банки со висок кредитен рејтинг.

Следењето на ликвидноста на Банката се врши од страна на секторот за средства и ликвидност, кој ги усогласува приливите и/или одливите по валути, презема активности за одржување на портфолио на високо ликвидни средства, ја следи резидуалната и очекуваната рочна структура во насока на остварување на целите на Банката дефинирани во стратегијата на Банката.

5. Ризик од промена на каматни стапки во портфолио на банкарски активности

Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности претставува ризик од загуба којшто произлегува од неповолните промени на каматните стапки, а коишто влијаат на позициите во портфолиото на банкарските активности на банката. Овој ризик е најзначајниот вид пазарен ризик, кој нема влијание само во портфолиото на трговски активности, туку има влијание и на портфолиото на банкарските активности.

Управувањето со овој ризик, кој има директно влијание на приходите и на економската вредност на портфолиото на банкарски активности на банката, претставува дел од интегрираниот систем на управување со ризици во Банката. Македонска банка за поддршка на развојот воспоставува систем на управување со ризик од промени на каматните стапки во согласност со обемот и видот на активности што ги извршува, како и со степенот на изложеност на ризик од промена на каматни стапки.

6. Валутен ризик

Валутен ризик е ризик од загуба заради промена на меѓувалутарните курсеви и/или промена на вредноста на денарот во однос на вредноста на другите странски валути. Банката воспоставува систем на идентификување, мерење, следење и контрола на валутен ризик на кој е изложена во своето работење при што ги опфаќа сите активности и трансакции кои во билансната и вонбилансната евиденција се евидентирани во девизи и во денари индексирани во девизна клаузула.

Македонска банка за поддршка на развојот воспоставува политика средствата од странски извори да ги пласира во иста валута или во денари со девизна клаузула во валутата на потеклото на средствата. Политиката на Банката е со позициите во девизи или во денари со девизна клаузула да управува на начин кој овозможува следење, контрола и елиминирање на негативните влијанија на промените на девизните курсеви на стабилноста на финансиската позиција на банката.

7. Оперативен ризик

Оперативен ризик претставува можност од загуба за банката и негативен ефект врз капиталот на банката како резултат на неадекватни или неефикасни внатрешни системи, процедури, лица, контрола, непочитување на законските прописи или незаконски активности, како и надворешни фактори кои можат да предизвикаат загуба.

Управувањето со оперативниот ризик е дел од интегриран пристап за управување со сите ризици на кои е изложена Банката. Управувањето со оперативниот ризик се реализира на секое ниво во рамките на организационата структура и истовремено се интегрира во секојдневните активности на Банката. На овој начин се овозможува минимизирање на можностите за настанување на штетни настани, подобрување на квалитетот на работните процеси и на услугите на Банката, како и зголемување на ефективноста при извршување на активностите. Преку постојан тренинг и обука на вработените, следење на френквенцијата на случените грешки и превенција се настојува да се намали изложеноста кон оперативниот ризик.

8. Правен ризик

Правен ризик претставува тековен или иден ризик врз добивката и сопствените средства на Банката, предизвикан од прекршувања или непочитувања на законските и подзаконските прописи, договори, пропишани практики, етички стандарди или како последица од погрешно толкување на прописите, правилата, договорите и другите документи.

Целта на управување со правниот ризик е утврдување на основите на системот за управување со правниот ризик во насока на минимизирање и елиминирање на факторите кои го предизвикуваат овој вид на ризик, односно елиминирање и намалување на последиците од настанување на правниот ризик на ниво кое е прифатливо за Банката од финансиски аспект и од аспект на репутацијата на Банката.

9. Репутациски ризик

Репутациски ризик е тековен или иден ризик врз добивката или сопствените средства на Банката кој произлегува од неповолните согледувања на клиентите, доверителите, акционерите, инвеститорите и регулаторите за работењето на Банката. Одговорност на сите вработени е да ја заштитат репутацијата на Банката. Воспоставен е систем на редовно следење на активностите на Банката за управување со репутацискиот ризик, како и на активностите за намалување на веројатноста за настанување на некои од изворите на овој ризик.

Оценувајќи дека е економски неоправдано да се утврдува капитал за репутациски ризик, Банката воспоставува проактивен пристап кон процесот на управување со репутацискиот ризик. Дополнителни причини се постојната акционерска структура, односно единствениот акционер (Република Македонија) на Банката, како и фактот дека репутацискиот ризик е ризик од губење на довербата во Банката што влијае на добивката и капиталот поради неповолното мислење за деловното работење независно од тоа дали постои реална основа за такво мислење односно неможноста да се предвиди овој ризик врз база на реални индикатори, непостоење база на податоци, како и непостоење можност за соодветно квантифицирање на овој ризик.

10. Стратегиски ризик

Стратегиски ризик е тековен или иден ризик врз добивката или сопствените средства на банката, кој произлегува од промените во деловното опкружување, негативните деловни одлуки, несоодветно спроведување на одлуките или недоволната реакција на банката на промените во деловното окружување. Политика на Банката е донесувањето на стратегиски одлуки да биде рационален и објективен процес во функција на управувањето со стратегискиот ризик, кој ќе резултира со ист резултат независно кој го спроведува. Имајќи предвид дека е економски неоправдано да се утврдува капиталот за стратегиски ризик, Банката воспоставува систем на редовно следење на активностите на Банката за управување со стратегиски ризик, како и на активностите за намалување на веројатноста за настанување на некои од изворите на овој ризик.

11. Адекватност на капиталот

Банката воспоставува политика за одржување на сопствени средства во функција на обезбедување и континуирано одржување на адекватно ниво на сопствени средства во зависност од видот и обемот на финансиските активности и висината на ризиците на кои е изложена Банката како резултат на тие активности. Политика на Банката е одржувањето на сопствените средства да биде во функција на одржување на интерно дефинирана стапка на адекватност на капитал, која е над законски дефинираната со цел да се обезбеди сигурност дека Банката ќе остане солвентна на долг рок.

Со состојба 31.12.2010г., стапката на адекватност на капитал на МБПР е 20,4% што е над законската стапка од 8% и интерно дефинираната стапка на адекватност од 12%.

IX УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА МБПР СО ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ

Одговорното лице за контрола на усогласеност на работењето на банката со прописите самостојно и независно врши идентификување и следење на ризикот од неусогласеност на работењето на банката со прописите.

Во текот на 2010 година Одговорното лице за контрола на усогласеност на работењето на банката со прописите, континуирано ги следеше и информираше членовите на Управниот одбор и вработените во Банката за новите прописи и за сите измени и/или дополнувања на прописите.

Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје во 2010 година воспостави повеќе нови интерни акти (политики, процедури, упатства, методологии, правилници, кодекси и др.).

Исто така, во 2010 година се изготвени:

- Развоен план на МБПР за периодот 2011-2013 година,
- Деловна политика на МБПР за периодот 2011-2013 година и
- Стратегија на МБПР за преземање и управување со ризиците за периодот 2011-2013 година.

МБПР во 2010 година изврши измени и дополнувања, односно усогласување на постоечките интерни акти на Банката согласно новата законска регулатива на НБРМ.

Исто така, во 2010 година континуирано се спроведувани обуки и информирање на вработените за новите прописи и за интерните акти на Банката.

X АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ

Во согласност со чл.40 од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (Сл.весник на Р.Македонија бр.4/08 и 57/10), МБПР имаше обврска да изработи нова Програма на Банката за спречување на перење пари и финансирање на тероризам до крајот на месец мај 2010 година. Програмата, согласно Законот беше прифатена и одобрена од страна на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Програмата за спречување на перење пари и финасирање на тероризам на МБПР ги вклучува следните елементи:

- централизација на податоците за идентитетот на клиентите, носителите на правата, ополномоштени лица, овластени застапници и податоци за сомнителни трансакции;
- дефинирање на задачите и одговорностите на одговорното лице за спроведување на одредбите од Законот и Програмата на МБПР;
- план за обука на вработените и одговорното лице од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- внатрешна контрола и ревизија за спроведување на Програмата;

Во текот на 2010 година МБПР одржа повеќе работни состаноци со представниците од Управата за спречување на перење пари, на кои се договараше начинот на соработкаа поради специфичноста и поставеноста на Банката во финансискиот сектор.

МБПР доставува редовни извештаи до Управата.

Во текот на 2010 година се одржаа обуки за вработените, на кои беа запознаени со законската регулатива и со начинот на примената на Програмата на МБПР за спречување на перење пари.

XI ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во текот на 2010 година, Службата за информатичка технологија успешно го следеше напредувањето на Банката во понудата на квалитетни и современи услуги за своите клиенти. Со тоа беше овозможена солидна основа за добро деловно работење, како и навремено усогласување со промените во законската регулатива. Особено важна беше подршката на ЕИБ кредитната линија како владина антикризна мерка која успешно се реализираше.

Како позначајни активности од областа на информатичката технологија во 2010 година се издвојуваат следните:

- Во текот на годината се извршени активности за стабилизација на софтверот за поддршка на спроведувањето на Одлуката на НБРМ за имплементација на Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи. Изработена е технолошка поддршка на целиот сет регулаторни извештаи кои дневно, месечно и квартално електронски се пренесуваат во НБРМ;

- Во областа на кредитното осигурување направено е одвојување на извештаите за домашните и странските купувачи, како и олеснување на импортирањето на податоците од клиентите;
- Изготвени се извештаи за потребите на Службата за управување со ризик.
- Извршено е префрлување на базата од Земјоделскиот кредитен фонд (ЗКДФ) во core banking системот;
- Направен е web пристап до Агенцијата за спречување на перење пари и тероризам;
- Набавен е и инсталиран тестен сервер до кој добавувачот на софтверот има on-line пристап;
- Променети се два хард диска на HP Intel Xeon серверите;
- Во систем салата направени се градежни интервенции при што истата е опремена со автоматски систем за гасење на пожар;
- Подесување на DMZ зона во network инфраструктура и додавање развоен сервер во истата со цел зголемена безбедност при remote VPN пристап кон Банката од страна на главниот добавувач на апликативен софтвер, за поддршка при развој и одржување на Bank3000 апликацијата.

XII ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Службата за внатрешна ревизија е независен организационен дел, кој е издвоен од останатите организациони делови на Банката и самостојно ги одредува начинот на извршување на активностите, известувањето, наодите, мислењата и препораките.

За својата работа, Службата за внатрешна ревизија оговара директно на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на Банката.

Основна цел на работењето на внатрешната ревизија е да обезбеди објективна и независна оценка за адекватноста и ефикасноста на системот на внатрешни контроли, на точноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи, на усогласеноста на внатрешните политики и процедури на Банката со законската регулатива, како и на општата ефикасност во работењето на Банката.

Во текот на 2010 година, Службата за внатрешна ревизија изврши 23 редовни ревизорски контроли, тековно ја следеше имплементацијата на дадените препораки, редовно го известуваше Надзорниот одбор на банката и соработуваше со Управниот одбор, Одборот за ревизија, НБРМ и екстерниот ревизор на Банката.

УПРАВЕН ОДБОР

Драган Мартиновски

Главен извршен директор

Ќенан Идризи

Главен оперативен директор